**Наслов:**
Перцепциите на граѓаните за вакцинирањето

**Издавач:**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Автор:**
Јасмина Михаиловска

**Скопје, февруари 2019 година**

**ИСБН 978-608-4848-12-7**

**Контакт информации:**
адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел.: +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk;
Веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk
Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

Мислењата изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите и мислењата на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

**Вовед**

Во декември минатата година, беа регистрирани случаи на деца заболени од мали сипаници (морбили). На 19 декември 2018 година, Министерството за здравство прогласи епидемија на мали сипаници на територијата на населбата Радишани (Скопје), а на 2 јануари 2019 години и на територијата на град Скопје.

Дебатата за и против вакцинирањето се води веќе неколку години, со различен интензитет. Здравствените власти и родителите кои се за вакцинирањето од една страна и дел од родителите кои се противат на вакцинирањето најчесто ги разменуваат аргументите преку медиумите, вклучително и социјалните медиуми.

Според Министерството за здравство, појавата на оваа болест е резултат на повеќегодишните кампањи против вакцинирањето што довело до опаѓање на бројот на вакцинирани, а вакцината против мали сипаници е единствениот лек „во светски рамки кој е познат на медицината базирана на докази“[1]

Имајќи ги предвид двете страни во дебатата за и против, **МЦМС одлучи да го провери јавното мислење за вакцинирањето**. Испитаниците беа прашани за важноста и придобивките од вакцините; за нивната информираност и довербата во системот на вакцинирање; за ставовите на родителите за (не)вакцинирањето и за стравовите од епидемија.

Анкетата ја спроведе **агенцијата М-проспект**.

**Методологија**

Анкетата беше спроведена теренски во периодот помеѓу **15 и 30 јануари 2019 година**, на **национално репрезентативен примерок од 1001 испитаник**. Примерокот е двофазен стратификуван, репрезентативен според пол, возраст, етничка припадност, образование и место на живеење. Анкетираната популација се лица над 18 години, граѓани на Република Македонија. Користен е методот „најскор роденден“ за да се обезбеди случајност на примерокот. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од ± 3,13% со прифатливо ниво на доверба: 95%. Анкетата ја спроведе агенцијата М-проспект од Скопје.

[1] http://zdravstvo.gov.mk/komisijata-za-zarazni-bolesti-so-novi-preporaki-za-spravuvanje-so-epidemijata-na-morbili-mali-sipanici/ (пристапено 18/02/2019)

# Истражување за перцепциите на граѓаните за вакцинирањето

### Важност и придобивки од вакцинирањето




Мнозинство од граѓаните (89,7%) сметаат дека вакцините кои се во примена (сипаници, заушки и сл) се важни за здравјето на општеството.




Придобивки од развојот на вакцините во последните децении забележуваат 74,9% од граѓаните, наспроти 17,4% кои кажуваат дека не забележуваат никакви придобивки.

**Информации за вакцините и доверба во системот**




Секој втор граѓанин (51,6%) смета дека јавноста не добива доволно информации од докторите за вакцинацијата.




Како главен извор за информирање за вакцините се класичните медиуми (ТВ, радио и весници) – скоро третина од граѓаните (28,8%) од овде се информира. Семејството и пријателите се втор ресурс за информирање (19,9%). Сличен процент (18,4%) се информираат и преку матичниот доктор. Како информатори за вакцинирањето се јавуваат и социјалните медиуми (13,5%) и интернет порталите и форумите (11,7%).




Секој втор граѓанин (56,9%) има доверба во сегашниот систем на државата за оценка на безбедноста на вакцините и препораките. Сепак повеќе од третина (39,7%) немаат доверба во сегашниот систем.




Иако повеќе од третина од граѓаните (38,2%) сметаат дека науката која ја поддржува безбедноста на детското вакцинирање е неспорна, повеќе од половина (54,1%) сметаат дека безбедноста на детското вакцинирање бара понатамошна дебата.




Анализата на одговорите покажува дека 69,7% од граѓаните се загрижени за несаканите дејства од вакцините. Иако само 8,0% имаат искуство, познаваат некој што имал несакана реакција на вакцина.




Искуствата со несакана реакција на вакцина од овие 8,0% од испитаниците се покачена температура, оштетен говор или аутизам.




Од анализата на одговорите на прашањето колку се согласуваат со тоа дека постои поврзаност помеѓу вакцините и аутизмот, забележливо е дека целосна согласност имаат нешто помалку од 10,0%, но донекаде се согласуваат скоро третина од граѓаните (29,4%). Вкупно 34,1% не се согласуваат со поврзаноста.




Размислувајќи за карактеристиката за прифаќање и отвореност на одредени работи (либералност наспроти конзервативност), половина од граѓаните сметаат дека и двете групи (и полибералните и поконзервативните) подеднакво се сомневаат во вакцинирањето. За 21,1% повеќе се сомневаат конзервативните луѓе.

**Родителите и вакцинирањето**




Најголем дел од граѓаните (86,3%) сметаат дека важно родителите да ги вакцинираат децата.




Повеќе од половина од граѓаните (54,6%) се согласуваат дека кога родителите ќе одлучат да не ги вакцинираат децата ги изложуваат децата и општеството во опасност. Сепак третина се согласуваат дека родителите имаат право да одлучат дали нивните деца ќе се вакцинираат или не.




Секој трети граѓанин исто така смета дека вакцинирањето на децата е прашање на избор на родителите, додека пак повеќе од половина од граѓаните (61,5%) сметаат дека прашање на јавното здравство.




Запрашани дали познаваат некој кој избрал да не го вакцинира детето против болести како сипаница, заушки, голема кашлица и слично, третина кажуваат дека познаваат.

**Ризик од епидемија и мерки**




Загриженост од епидемија од сипаници и други заразни болести кои се превенираат со вакцина изразуваат 69,2% од граѓаните.




Петтина од граѓаните (22,2%) не се согласуваат дека доколку некое дете не е вакцинирано, другите деца се изложени на ризик од болест.




Во контекст на вакцинирањето беше прашано и за согласноста со привремената мерка на Министерството за здравство за забрана на прием на деца што немаат примено МРП вакцина во градинките. Дистрибуцијата на одговори покажува дека скоро две третини (59,2%) се согласуваат.

## ***Демографија***




Возраст
17,7
18,2
17,9
18,6
16,3
11,4
15-24
25-34
35-44
45-54
55-64
65+


Етничка припадност
9,5
23,6
66,9
Македонец/ка
Албанец/ка
Друго


Образование
3,6
8,8
1,6
23,7
4,8
57,5
Незавршено основно
Основно образование
Средно образование
Вишо образование
Високо образование
Мастер студии


Работен статус
15,9
18,9
21,4
30,3
10,8
2,8
Вработен во јавен сектор
Вработен во приватен сектор
Земјоделец
Студент
Невработен
Пензионер

### На која класа припаѓате




### Дали имате малолетни деца во семејството?




Дали имате деца до 6 години во семејството?
48,2
51,8
Да
Не


Место на живеење
40,1
59,9
Град
Село